**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „НЕЦАРИНСКИ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ” ОД АВТОРОТ Д-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА - КАЦАРСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-137/19 од 78. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 3.6.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Силвана Мојсовска, професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– доц. д-р Искра Станчева-Гигов, професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис (скрипта) „**НЕЦАРИНСКИ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ**” од авторот **д-р Емилија Митева-Кацарски** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало - скрипта „Нецарински протекционизам” од д-р Емилија Митева-Кацарски обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на надворешната трговија, која студентите ја изучуваат по предметите Меѓународна економија и Надворешна трговија. Скриптата е наменета за изучување од страна на студентите во втора година - трет семестар на насоката Меѓународна економија и во прва година – втор семестар на насоката Менаџмент и претприемништво, при што вкупниот број на часови за предметот Меѓународна економија на насоката Меѓународна економија изнесува 216 (3+2+2), со 8 кредити, а на насоката Менаџмент и претприемништво, каде што предметот е изборен, изнесува 120 (2+1+1), со 4 кредити и за студентите во втора година - трет семестар на насоката Меѓународна економија и во трета година – петти семестар на насоката Финансиски менаџмент, при што вкупниот број на часови за предметот Надворешна трговија на насоката Меѓународна економија изнесува 216 (3+2+2), со 8 кредити, а на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен, изнесува 120 (2+1+1), со 4 кредити.

**Податоци за обемот ракописот:** Скриптата содржи 120 страници, со табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на нецаринскиот протекционизам. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Arial, големината на буквите е 10. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите подобро разбирање на нецаринскиот протекционизам и неговите глобални трендови и импликации. Порастот на релативната важност на нецаринските бариери како инструмент на трговската политика ја наметна потребата од идентификување, класифицирање и мерење на ефектите од нецаринските бариери. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Меѓународна економија, имајќи

го предвид фактот дека нецаринските бариери денес се најважниот регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии и интензивно се имплементирани во периодот на неодамнешната глобална економска криза. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во четири посебни глави, кои покриваат дел од тематските единици предвидени со наставната програма на предметите Меѓународна економија и Надворешна трговија. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првата глава е посветена на појмовното дефинирање на нецаринските бариери, вклучително и на нивните карактеристики по кои тие се разликуваат од останатите бариери во меѓународната трговија. Истовремено е направена нивна класификација на групи мерки и поединечни мерки заснована на постојните класификации во литературата. За потребите на ова истражување се користи поделбата на нецаринските бариери на традиционални нецарински бариери, технички нецарински бариери и административни (процедурални) нецарински бариери, при што се обезбедува детален увид во поимот и карактеристиките на секоја група.

Втората глава се однесува на регулирањето на нецаринските бариери во мултилатералниот трговски систем. Овде се дава историска ретроспектива на нецаринските бариери преку анализа на различните рунди на мултилатерални трговски преговори. Одделно се третирани најважните трговски рунди - кенедиевата, токиската, уругвајската и тековната Доха развојна агенда од аспект на прашањата што биле отворени и регулирани на рундите, како и суштинските проблеми непосредно поврзани со трговските регулативи.

Третата глава содржи анализа на различните ефекти од нецаринските бариери. Во оваа глава е презентиран аналитички приод за квантифицирање на економските и трговските ефекти од нецаринските бариери. Притоа, анализирани се ценовните ефекти на најзначајните нецарински бариери врз цените на 47 производи за широка потрошувачка, групирани во четири одделни сектори во повеќе од 60 земји во светот. Анализата во оваа глава продолжува во насока на проценка на ефектите од нецаринските бариери врз трговските текови кои се чувствителни на нивното влијание и истата е заокружена во насока на идентификување во кои ситуации нецаринските бариери треба да биде отстранети. Друга димензија која се дискутира во овој контекст е дали отстранувањето на нецаринските бариери најдобро се реализира на национално, регионално или мултилатерално ниво, што е особено важно од аспект на напорите за воспоставување заеднички правила и регулативи во рамките на меѓународниот трговски систем.

Четвртата глава го анализира влијанието на нецаринскиот протекционизам врз трговските текови во услови на глобална економска криза. Истражувањето во оваа глава се движи во насока на систематска анализа на глобалните трендови на новиот трговски протекционизам кои доведуваат до контракција на глобалната трговија и се закана за заздравувањето на економијата во период на криза и барањата за ефективен мораториум на протекционистичките мерки меѓу земјите на Г20. Во тој контекст е потенцирана и редизајнираната улога на СТО, како и перспективите за развој на глобалниот трговски систем. Истражувањето во оваа глава е заокружено со преглед на иницијативите за отстранување на нецаринскиот протекционизам изразени преку либерализација и поголема интеграција на земјите во глобалните трговски текови.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на нецаринскиот протекционизам сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат различните видови нецарински бариери, начинот на нивното регулирање, како и нивните ефекти врз цените и глобалните трговски текови, посебно во услови на глобална економска криза.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало - Скрипта „НЕЦАРИНСКИ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ" од д-р Емилија Митева-Кацарски претставува материја поврзана со анализа на глобалните трендови и аспекти на нецаринскиот протекционизам. Авторот направил успешна анализа на различните видови нецарински бариери кои се присутни во мултилатералниот трговски систем, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да ги научат карактеристиките на нецаринските бариери по кои ќе ги разликуваат од останатите наметнати бариери во меѓународната трговија, како и нивното влијание. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично се инволвирани во прекуграничната трговија и првенствено надлежни во усвојувањето и имплементирањето на нецаринските мерки, овој материјал ќе им помогне да ги пронајдат релевантните одговори на клучните прашања од областа на нецаринскиот протекционизам.

Со оглед на големата важност на нецаринскиот протекционизам сметаме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Нецарински протекционизам" од д-р Емилија Митева - Кацарски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Силвана Мојсовска, с.р.**
**Доц. д-р Искра Станчева-Гигов, с.р.**